

# Baumacol PremiumFuge

## Премиум маса за фугирање

- **Високо еластична**
- **Отпорна на микроорганизми**
- **Водоодбивна**

**Производ**

Висококвалитетна фуг маса за фугирање, флексибилна, водоодбивна, голем избор на бои, отпорна на вода и мраз. Фугата има висока отпорност на абење, ниска водовпивливост која спречува појава на флеки, класа „ CG2 WA “ (Висококвалитетна фуга со висока отпорност на абразија и мала абсорпција на вода) во склад со EN 13888-2002.

**Состав**

Цемент, ситен песок, адитиви и пигменти

**Својства**

Високо еластична, водоодбивна, паропропусна, добра апликација .

**Аплицирање**

За внатрешна и надворешна примена, за фуги со ширина од 1-8 mm. Се користи за фугирање на керамички плочки, плочки од различен материјал, мозаик плочки, порцеланска керамика, мермер, плочки од природен камен нанесени на зидови и подови, вклучувајќи и подно греење, влажни простории (купатила, кујни), тераси и балкони итн.

**Технички податоци**

| | |
|---|---|
| норма: | EN 13888 |
| класификација: | CG2 WA |

**Облик на испорака**

канта 2 kg, 1 палета = 168 канти = 336 kg; канта 5 kg, 1 палета = 90 канти = 450 kg

**Складирање**

36 месеци во неотворена амбалажа

**Гаранција за квалитет**

Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции**

Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на странатa www.baumit.com или да го побарате во Баумит.

**Подлога**

Подлогата мора да биде чиста, сува, незамрзната, обезспрашена, не смее да виде водоодбивна, без исцветување, носечка и без нестабилни делови.

**Подготовка на подлогата**

Лепакот со кој се залепени плочките мора да биде доволно стврднат. Преостанатите остатоци од лепакот мораат да се одстранат, а фугите да се исчистат. Фугите мораат да бидат непрекинати во вертикален пресек така да фугите мора да продрат до лепакот. Краевите на плочките мора да бидат суви, без прашина или трагови на лепак. Во случај на порозни плочки или со површина осетлива на гребење, се препорачува правење на примерок како не би дошло до боење на плочките и оставање на пигмент во порите на керамиката.

**Обработка**

**Мешање**:
Со миксер при мала брзина, во чист сад, се додека не се добие хомогена смеса без агломерација. Количината на вода е околу 24% и се прилагодува според потребната конзистенција. После пауза од околу 5 минути промешајте повторно пред употреба.
**Апликација**:
Фугите се нанесуваат во спојот со гумена глетарка, дијагонално во правец на фугата. После приближно 5-15 минути (кога смесата за фугирање ке почне да врзуваі) измијте ги керамичките плочки со чиста вода и мек сунѓер. Евентуално преостанатиот цементен филм треба да се одстрани пред конечното стврднување на смесата за фугирање. Површината мора да биде заштитена од механички влијанија 24 часа. Свежата фуга да се заштити од дожд, пребрзо сушење и мрзнење. За да ги избегнете дамките на фугите во боја, обавезно лепакот во потполност да се одстрани од фугата, посебно на краевите од плочките. Во аглите на просторијата, како и на споевите на подот со зидот, нанесете по должина силиконска фуг маса Baumacol Silicon.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

| | |
|---|---|
| **Напомени и општи информации** | Температурата на воздухот, материјалот и подлогата во текот на обработката и процесот на врзување треба да биде најмалку 5ºC и максимум 30ºC. Површините мораат да бидат заштитени од директно делување на сончевата светлина, дожд и ветар, со заштитна мрежа за фасада . Високата влажност и ниските температури можат да доведат до продолжено време на сушење. За подготовка на материјалот може да се употребува само чиста вода (вода од водовод). |

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk